**20251262796**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 33 став 7 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија” број 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21, 87/22 и 3/25), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јуни 2025 година донесе

# ОДЛУКА ЗА ПРЕРАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ПОМЕЃУ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ НА ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ И ПОМЕЃУ ФОНДОВИТЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во посебниот дел во првата потколона од колоната Расходи на Основен буџет, се врши следнава прераспределба на средства:

Во Разделот 04001 - Влада на Република Северна Македонија, во Потпрограма Д5 - Привлекување на странски директни инвестиции и развој на слободната економска зона, Ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 585.601.000 денари;

Во Разделот 10001 - Министерство за економија и труд, во Потпрограма 60 - Развој на политики од областа на трудово право, социјална заштита и вработување, Ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 242.264.000 денари;

Во Разделот 15001 – Министерство за социјална политика, демографија и млади, во Потпрограма 50 - Надоместоци за социјална заштита, Ставката 464 - Разни трансфери се зголемува за 242.264.000 денари, во Потпрограма АА – Инфраструктурни проекти во општините, Ставката 488 – Капитални дотации до ЕЛС се зголемува за 100.000.000 денари;

Во Разделот 16001 – Министерство за образование и наука, во Потпрограма АА – Инфраструктурни проекти во општините, Ставката 488 – Капитални дотации до ЕЛС се зголемува за 361.185.000 денари;

Во Разделот 16201 – Министерство за спорт, во Потпрограма АА – Инфраструктурни проекти во општините, Ставката 488 – Капитални дотации до ЕЛС се зголемува за 62.416.000 денари;

Во Разделот 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, во Потпрограма 50 Заштита на културното наследство, ставката 482 Други градежни објекти се зголемува за 2.000.000 денари, во Потпрограма АА – Инфраструктурни проекти во општините, ставката 488 – Капитални дотации до ЕЛС се зголемува за 60.000.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 – 3523/1
18 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши**, с.р.